ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 9/5
Прилеп 25.04 2025 год.

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
## НА ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП
**за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024година**

**Одоборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во текот на деловната 2024г. во период од 01.01.2024г.до 31.10.2024г одржа вкупно 17 седници од кои 7 седници со редовно физичко присуство и 10 седници со одлучување без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва .**

**Во периодот од 01.11.2024г до 31.12.2024г. Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп е во состав со нови членови избрани на Собрание на акционери на ТК АД Прилеп одржано на 04.11.2024г. и одржа 7 седници, од кои 6 седници се со редовно физичко присуство, а една седница е со одлучување без одржување на седница, согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва .**

На **првата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 08.02.2024година во салата за состаноци во ТК АД Прилеп присуствуваа членовите на Одбор на директори:
Сретен Богоевски - Претседател на Одбор на директори, Зоран Пачешкоски,Гоце Котески, Горан Тодоров, Златко Сарев, Миле Велкоски и Милаим Амеди и донесена е:
- Одлука за изменување на Правилникот за организација и систематизација на работни места во Тутунски комбинат АД Прилеп и следниот
-Заклучок за доставување на информација во врска со текот на откупот на тутунот од реколта 2023г и за зголемување на откупната цена на тутунот од реколта 2023г и одобрување за достава до Владата на РСМ.

На **втората** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 21.02.2024година, одлучувано е без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва и донесена е следната :
-Одлука за зголемување на откупна цена на тутун I класа "ароматичен" тутун за дополнителни 35 денари по килограм предаден ароматичен тутун I класа од реколта 2023година

На **третата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 29.03.2024година во канцеларијата на Генералниот извршен директор присуствуваа членовите на Одбор на директори: Сретен Богоевски - Претседател на Одбор на директори, Зоран Пачешкоски,Гоце Котески, Горан Тодоров, Златко Сарев, Миле Велкоски и Милаим Амеди

Донесени се следните одлуки:
-Одлука за свикување на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп
-Одлука за отпис на основни средства во Тутунски комбинат АД Прилеп - Холдинг
-Одлука за отпис на основни средства во Тутунски комбинат АД Прилеп – Погон Тутун

-Одлука за отпис на застарени парични побарувања и обврски во Тутунски комбинат АД Прилеп

-Одлука за одобрување на Буџет план и набавки на производи и услуги за потребите на Р.Е .Агрономија –Погон Тутун за реколта 2024г.

-Одлука за набавка на семенски материјал за тутун за реколта 2024г.

-Одлука за утврдување на цени за откуп на тутун од реколта 2024г.

-Одлука за утврдување на текст на Договор за производство и откуп на тутун за реколта 2024 г.

-Одлука за одобрување на склучување на Договори за производство и откуп на тутун од реколта 2024г. и утврдување на количини за откуп на тутун од реколта 2024г

-Одлука за исплата на награда на работник Игор Мицкоски

-Одлука за дополнување на Правилник за организација и систематизација на работни места во Тутунски комбинат АД Прилеп

---

На **четвртата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 12.03.2024година одржана во канцеларијата на Генералниот извршен директор на Тутунски комбинат АД Прилеп присуствуваа членовите на Одбор на директори: Сретен Богоевски, Зоран Пачешкоски, Гоце Котески -приклучен на мобилен, Горан Тодоров, Златко Сарев, Миле Велкоски и Милаим Амеди

Донесена е следната одлука:

-Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи за работа на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2023г

На **петтата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 28.03.2024година одлучувано е без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва и донесени се следните одлуки:

-Одлука за изменување и дополнување на Правилник за организација и систематизација на работни места во Тутунски комбинат АД Прилеп

-Одлука за изменување на Правилник за организација и систематизација на работни места во Служба за внатрешна ревизија во Тутунски комбинат АД Прилеп

-Одлука за донесување и усвојување на Правилник за организација и систематизација на работни места во Тутунски комбинат АД Прилеп (пречистен текст) и

-Одлука за донесување и усвојување на Правилник за организација и систематизација на работни места во Служба за внатрешна ревизија во Тутунски комбинат АД Прилеп (пречистен текст)

---

На **шестата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп од 12.04.2024година одржана во канцеларијата на Генералниот извршен директор на Тутунски комбинат АД Прилеп, присуствуваа членовите на Одбор на директори: Зоран Пачешкоски, Гоце Котески, Горан Тодоров, Сретен Богоевски - приклучен преку мобилен, Златко Сарев, Миле Велкоски и Милаим Амеди

Донесени се следните одлуки:

- Одлуката за исплата на бонус плата на вработени во Тутунски комбинат АД Прилеп

-Одлука за одобрување на Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2024г.

-Одлука за одобрување на набавка на електрична енергија и продажба на вишок на произведена електрична енергија за потребите на Тутунски комбинат АД Прилеп за период од 01.06.2024г до 31.05.2025г

На **седмата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 26.04.2024година одржана во деловните простории на ТКП во Скопје и присуствуваа членовите на Одбор на директори: Зоран Пачешкоски, Гоце Котески, Горан Тодоров приклучен преку мобилен Сретен Богоевски,Златко Сарев, Миле Велкоски и Милаим Амеди

Донесени се следните одлуки:

-Одлука за усвојување на Годишниот извештај изготвен од Службата за внатрешна ревизија за 2023г

-Одлука за предлог избор на овластен ревизор на ТКП за 2024г.

-Одлука за свикување Годишно Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп со утврдениот дневен ред

-Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работни места во Тутунски комбинат АД Прилеп

На **осмата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 10.05.2024година одлучувано е без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва и донесена е следната :

-Одлука за одобрување на продажба на обработен тутун од тип "Прилеп"реколта 2023година и утврдување на продажна цена

На **деветата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп од 14.05.2024година одлучувано е без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва ,донесена е следната одлука:

-Одлука за одобрување на продажба на индустриски класи на ориентален тутун од тип "Прилеп"реколта 2023година и утврдување на продажни цени на фирмите Philip Morris Products SA и PAPASTRATOS Р.Грција

На **десетата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 30.05.2024година одржана во деловните простории на ТКП во Скопје, присуствуваа членовите на Одбор на директори: Зоран Пачешкоски, Гоце Котески, Горан Тодоров приклучен преку мобилен Сретен Богоевски,Златко Сарев и Милаим Амеди.

Отсутен: Миле Велкоски

Донесени се следните одлуки:

-Одлука за свикување на презакажано Годишно собрание на акционери на ТК АД Прилеп за ден 11.06.2024г со почеток во 12 часот

-Одлука за исплата на награда-паричен надоместок на вработени во Тутунски комбинат АД Прилеп за 2023

На **единесетата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 06.06.2024година одлучувано е без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва и ТК АД Прилеп како содружник во ФМТКП Доо Скопје одобрува да се донесат следните одлуки и по истите позитивно да се гласа:

-Одлука за усвојување на Годишната Сметка на Друштвото за деловната 2023г

-Одлука за усвојување на Ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за деловната 2023г
-Одлука за Усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2023г.
-Одлука за распоредување на добивката
-Одлука за исплата на дивиденда за 2023 година
-Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2024година
-Одлука за престанување на подружницата на Друштвото

На **дванаесетата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп од 24.06.2024година одлучувано е без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва и донесени се следните одлуки:

-Одлука за одобрување на продажба на дополнителна количина на обработен тутун АБ класа од тип „Прилеп„ реколта 2023 г. на Nicos Gleoudis Kavex SA, 6-8 Frangon Street, 546 26, Thessaloniki, Р.Грција и одобрување на склучување на Анекс бр.1 кон договор за купопродажба на обработен ориентален тутун бр.03-880/1 од 13.05.2024г.
-Одлука за донесување и усвојување на следните акти:
-Етички кодекс за вработените во ТК АД Прилеп
-Политика за избегнување судир на интереси на ТК АД Прилеп
- Политика за внатрешно пријавување во ТК АД Прилеп

На **тринаесетата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 11.07.2024година одлучувано е без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва и донесени се следните одлуки:

-Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Тутунски омбинат АД Прилеп за период од 01.01.2024г до 31.03.2024г.
-Одлука за усвојување на Записник бр.10 од седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на ден 30.05.2024г.

На **четиринаесетата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 11.09.2024година одлучувано е без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва и донесена е следната одлука:
-Одлука за одобрување на исплата на надоместок за регрес при користење на годишен одмор за календарската 2024г.

На **петнаесетата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 03.10.2024година во канцелариите на Генералниот извршен директор на Тутунски комбинат АД Прилеп присуствуваа членовите на Одбор на директори: Сретен Богоевски - Претседател на Одбор на директори, Зоран Пачешкоски, Гоце Котески, Горан Тодоров, Златко Сарев, Миле Велкоски и Милаим Амеди.
Донесена е следната одлука:
-Одлука за свикување на Собрание на Тутунски комбинат АД Прилеп и утврдување на Предлог-дневен ред за ден 04.11.2024г. , согласно Извадокот од Влада.

На **шеснаесетата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 10.10.2024година одлучувано е без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва и донесена е следната одлука:

-Одлука за дополнување на Предлог - Дневен ред од Јавен повик за свикување на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп

На **седумнаесетата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп од 18.10.2023година одлучувано без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва , донесени се следните одлуки:

-Одлука за усвојување на Записник бр.15 од седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на ден 03.10.2024г.

-Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АПрилеп за период од 01.01.2024г до 30.06.2024г.

-Одлука за одобрување на набавка на услуга превоз на откупен тутун во картонски кутии од реколта 2024г

-Одлука за одобрување за отпочнување со откуп на суров тутун во лист од реколта 2024г.

Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во нов состав избрани на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп одржано на 04.11.2024година ја одржа **првата** седница на Одбор на директори на 04.11.2024г со почеток во 13.00 часот во салата за состаноци во Тутунски комбинат АД Прилеп на која присуствуваа Александар Алексовски -Генерален извршен директор, Афродита Настеска и Зоран Петрески - извршни членови, Сашко Вељаноски-неизвршен и независен член-Претседател на Одбор на директори, Александар Кузманоски-неизвршен и независен член, Гоце Николоски и Афродита Баталоска-неизвршни членови на Одбор на директори на ТК АД Прилеп и донесени се следните:

-Одлука за избор на Претседател на Одбор на директори на ТК АД Прилеп

-Одлука за избор на извршен член на Одбор на директори на ТК АД Прилеп-Александар Алексовски

- Одлука за избор на извршен член на Одбор на директори на ТК АД Прилеп-Афродита Настеска

- Одлука за избор на извршен член на Одбор на директори на ТК АД Прилеп-Зоран Петрески

-Одлука за избор на генерален извршен директор на ТК АД Прилеп- Александар Алексовски

-Одлука за престанок на функцијата Извршен член на Одбор на директори на ТК АД Прилеп и Генерален извршен директор на ТК АД Прилеп-Зоран Пачешкоски

- Одлука за престанок на функцијата Извршен член на Одбор на директори на ТК АД Прилеп-Гоце Котески

- Одлука за престанок на функцијата Извршен член на Одбор на директори на ТК АД Прилеп-Горан Тодоров

Одлука за престанок на функцијата Претседател на Одбор на директори на Одбор на директори на ТК АД Прилеп-Сретен Богоевски

На **втората** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 08.11.2024година во салата за состаноци од ТКП во Прилеп, присуствуваа членовите на Одбор на директори:

Александар Алексовски, Зоран Петрески, Афродита Настеска, Сашко Вељаноски, Александар Кузманоски, Гоце Николоски и Афродита Баталоска.
Донесени се следните одлуки:
-Одлука за утврдување на нето плата на извршен член на Одбор на директори и Генерален извршен директор на ТК АД Прилеп- Александар Алексовски
- Одлука за утврдување на нето плата на извршен член на Одбор на директори на ТК АД Прилеп-Зоран Петрески
- Одлука за утврдување на нето плата на извршен член на Одбор на директори на ТК АД Прилеп- Афродита Настеска

На **третата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп од 18.11.2024година одлучувано без одржување на седница согласно чл. 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп и чл.358 од Законот за трговските друштва , донесена е следната одлука:
-Одлука за одобрување на набавка на услуга-превоз на откупен тутун во картонски кутии од откупни пунктови од реколта 2024г.

На **четрвтата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 29.11.2024година во салата за состаноци од ТКП во Прилеп, присуствуваа членовите на Одбор на директори:
Александар Алексовски, Зоран Петрески, Афродита Настеска, Сашко Вељаноски, Александар Кузманоски, Гоце Николоски и Афродита Баталоска.
Донесени се следните одлуки:
-Одлука за формирање пописни комисии за извршување на попис на средства, обврски, побарувања, хартии од вредност, суровини, репроматеријали и резервни делови во Тутунски комбинат АД Прилеп со состојба на ден 31.12.2024година и
-Одлука за работа и рокови за извршување на пописот на Тутунски комбинат АД Прилеп
-- Одлука за одобрување на ретроактивна доплата на разлика во откупните цени за предаден тутун од реколта 2024г
-Одлука за одобрување набавка на КПГ-метан за 2025г за потребите на ТК АД Прилеп
-Одлука за организирање на платен вонреден одмор (ПВО) за 2025г.
-Одлука за назначување на лице овластено за контакт со инвеститори согласно Правилата за котација на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје

На **петтата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 13.12.2024година одржана во салата за состаноци од ТКП во Прилеп, присуствуваа членовите на Одбор на директори:
Александар Алексовски, Зоран Петрески, Афродита Настеска, Сашко Вељаноски, Александар Кузманоски и Афродита Баталоска.
Отсутен: Гоце Николоски
Донесена е следната одлука:
-Одлука за изменување на одлуката за утврдување на откупни цени по класи за килограм тутун за реколта 2024г. бр.02-4/3 од 29.02.2024г. и утврдување на текст на Анекс бр.1 кон Договор за производство и откуп на тутун за реколта 2024г и одобрување на склучување на истиот

На **шестата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 19.12.2024година одржана во во салата за состаноци од ТКП во Прилеп, присуствуваа членовите на Одбор на директори:

Александар Алексовски, Зоран Петрески, Афродита Настеска, Сашко Вељаноски, Александар Кузманоски, Гоце Николоски и Афродита Баталоска.

Донесени се следните одлуки:

-Одлука за одобрување набавка на услуга-хоризонтална обработка на необработен ориентален тутун тип „Прилеп„ од реколта 2024година со меко сушење (soft dry) технологија

-Одлука за одобрување на исплата на парични средства како Новогодишен надоместок за 2024г.

-Одлука за изменување на Правилникот за организација и систематизација на работни места во Тутунски комбинат АД Прилеп

На **седмата** седница на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп одржана на 30.12.2024година одржана во во салата за состаноци од ТКП во Прилеп, присуствуваа членовите на Одбор на директори:

Александар Алексовски, Зоран Петрески, Афродита Настеска, Сашко Вељаноски, Александар Кузманоски, Гоце Николоски и Афродита Баталоска.

Донесени се следните одлуки:

-Одлука за свикување седница на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп

-Одлука за потврдување на Проценка на вредност на недвижен имот и опрема во сопственост на Тутунски комбинат АД Прилеп.

**Независен и неизвршен член**
**и Претседател на Одбор на директори**
**на Тутунски комбинат АД Прилеп**
**Сашко Вељаноски**

-----------------------------

„Тутунски комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7